СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>.03.2014 год.<br>БРОЈ 3 ГОДИНА 49 |
|---|---|

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за основање на средно општинско стручно училиште | 5 |
| 2. | Одлука за усвојување на извештајот за остварените приходи и извршените трошоци на буџетот по завршната сметка на буџетот на општина Охрид за 2013 година и извештајот за попис за 2013 година. | 7 |
| 3. | Одлука за усвојување на извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот 01.01. - 31.12.2013 година. | 22 |
| 4. | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на одделението за комунални такси за периодот од 01.01. - 31.12.2013 година. | 23 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2013 – 2015. | 24 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за периодот 01.01 - 31.12.2013 година. | 25 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2013 год. | 27 |
| 8. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2013 год. | 28 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на територијалната противпожарна единица–Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2013 год. | 29 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на секторот за спорт, млади и невладини организации за 2013 година. | **30** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита за 2013 година. | **31** |
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на секторот за меѓународна соработка, соработка со УНЕСКО и култура за 2013 година. | **32** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2013 година. | **33** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2013 година | **34** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во обласа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. - 31.12.2013 година. | **35** |
| **16.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работењето на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2013 година. | **36** |
| **17.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работата на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2013 година. | **38** |
| **18.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работењето на ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид за периодот од 01.01.- 31.12.2013 година. | **39** |
| **19.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работата на ЈП „Погребни услуги“ Охрид за периодот од 01.01.-31.12.2013 година. | **40** |
| **20.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работењето на ЈП „Градски гробишта“ Охрид за периодот од 01.01. - 31.12.2013 година. | **41** |
| **21.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работењето на МЈП „Проаква“ Струга РЕ Водовод Охрид за периодот 01.01.-31.12. 2013 год. | **42** |
| **22.** | Одлука за усвојување на годишната сметка и извештајот за работењето на ЈП „Билјанини Извори“ - Охрид за периодот 01.01. - 31.12.2013 година. | **43** |
| **23.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и | **44** |

| | | |
|---|---|---|
| | годишната сметка за 2013 година на ОУ „Христо Узунов“ Охрид. | |
| **24.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „ Григор Прличев“ Охрид. | **46** |
| **25.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „Св.Климент Охридски“ Охрид. | **47** |
| **26.** | Одлука за усвојување на извештајот за финасиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „ Братство Единство“ Охрид. | **48** |
| **27.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид. | **49** |
| **28.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец. | **50** |
| **29.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското и годишната сметка за 2013 година на ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти. | **51** |
| **30.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани. | **53** |
| **31.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОМУ „Методи Патче“ Охрид. | **54** |
| **32.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид. | **55** |
| **33.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид. | **56** |
| **34.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУТУ „ Ванчо Питошески“ Охрид. | **57** |
| **35.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУ отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“-Охрид за 2012/2013 година. | **58** |
| **36.** | Одлука за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид. | **59** |
| **37.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на статутот на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид. | **60** |

| | | |
|---|---|---|
| **38.** | Одлука за давање согласност на одлуката за усвојување на правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид. | **62** |
| **39.** | Одлука за збратимување на градот Охрид, Република Македонија со градот Подољск, од Московска област, Руска федерација. | **63** |
| **40.** | Одлука за заедничко организирање на Јавен линиски превоз на патници. | **64** |
| **41.** | Одлука за усвојување на подстрагегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 – 2018. | **65** |
| **42.** | Одлука за усвојување на процена на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности. | **66** |
| **43.** | Одлука за усвојување на Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2014 година. | **68** |
| **44.** | Одлука за усвојување на зоните и висината на цената за краткотраен закуп на уредено градежно земјиште за поставување урбана опрема ( столови и маси) за 2014 година. | **81** |
| **45.** | Одлука за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност. | **84** |
| **46.** | Одлука за општински линиски превоз на патници во општина Охрид. | **85** |
| **47.** | Одлука за започнување на постапка за статусна промена-присоединување на ЈП „Погребни услуги“ Охрид кон ЈП „Градски гробишта“ Охрид | **96** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА СРЕДНО ОПШТИНСКО СТРУЧНО УЧИЛИШТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за основање на средно општинско стручно училиште, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/3**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 1 и 2 од Законот за средно образование („Сл весник на РМ“бр.44/95,24/96,44/95,24/96,34/96,35/97,82/99,29/02,40/03,42/03,67/04,55/05,81/05,113/05,35/06,30/07,49/07,81/08, 92/08,83/10.33/10,66/10), а во врска со член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 15 став 1 точка 8 и член 18 став 1 точка 4 од Статутот на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а по претходно добиено позитивно мислење на Владата на Република Македонија, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА СРЕДНО ОПШТИНСКО СТРУЧНО УЧИЛИШТЕ**

**Член 1**

Согласно добиеното позитивно мислење од Владата на Република Македонија, Советот на општина Охрид основа средно општинско стручно училиште со четиригодишно траење на образованието, кое ќе го носи името „Св.Кирил и Методиј“.

Средното општинско стручно училиште „Св.Кирил и Методиј“ ќе ги користи просториите на економската зграда која сега е во состав на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид.

Седиштето на новооснованото училиште е на ул.„Мите Богоески“ бр.2 во Охрид.

**Член 2**

За основање на општинското средно стручно училиште се располага со соодветен простор на ул.„Мите Богоески“ бр.2, во рамките на постојното ОСУ „Св.Климент Охридски“

Охрид и тоа: 10 училници со вкупна површина од 454м², 4 кабинети со вкупна површина од 171 м², 1 спортска сала со површина од 340 м², спортски терен со површина од 1035 м², 1работилница, 1кариерен центар СЕА, 2 простории реална училишна компанија-СЕА, канцеларија со површина од 79 м², остава, чајна кујна и дворна површина од 3717м², со соодветен стручен кадар и опрема според пропишаните норми и стандарди.

Потребните финансиски средства се обезбедени од Министерството за образование и наука во рамките на постојниот Буџет .

**Член 3**

Основна дејност на новооснованото училиште е воспитно- образовната дејност а задачи се:

-да ги оствари целите на средното образование утврдени со закон,

- да им овозможи на учениците да се здобијат со потребните знаења за стручно образование,

-да им дава на учениците потребна основа за продолжување на образованието како и понатамошна специјализација и усовршување.

Со Статутот на општинското средно стручно училиште подетално ќе се утврди видот на воспитно образовната дејност, неговите цели и задачи, содржината, видот и траењето на образованието, согласно плановите и програмите на Бирото за развој на образованието.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на општина Охрид“.

**Бр.07- 2653/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател,**
**Охрид** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ И ИЗВРШЕНИТЕ ТРОШОЦИ НА БУЏЕТОТ ПО ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПОПИС ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за остварените приходи и извршените трошоци на буџетот по завршната сметка на буџетот на општина Охрид за 2013 година и Извештајот за попис за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ И ИЗВРШЕНИТЕ ТРОШОЦИ НА БУЏЕТОТ ПО ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПОПИС ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените приходи и извршените трошоци на Буџетот по Завршната сметка на Буџетот на општина Охрид за 2013 година и Извештајот за извршениот годишен попис во општина Охрид со состојба на 31.12.2013 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 34, точка 2, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Советот на Општина Охрид на ден 11.03.2014 година го донесе следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**За реализираните приходи и извршените трошоци на Буџетот на Општина Охрид за 2013 год.**

**I** ***БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД***

Општина Охрид поаѓајќи од проектираните потреби на граѓаните и буџетските корисници а согласно донесениот буџетски календар за активностите за донесување на буџетот и напатствијата од Министерството за финансии на ден 28.12.2012 година го донесе Буџетот на општината за 2013 година како единствен развоен документ. При неговото

изготвување беше користена стандардната процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја како и мислењата на граѓаните сондирано преку одржаните јавни расправи.

Во согласност со насоките на буџетскиот циркулар и направените анализи, Буџетот на Општина Охрид за 2013 година беше проектиран на износ од **984.000.000,оо денари**. Во првично донесената форма Буџетот на Општина Охрид се реализираше до 10.06.2013 година кога на седница на Совет беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општината бр. 07-2676/23 со која Буџетот се проектира на износ од **1.202.000.000,00 денари**. Вака ребалансираниот буџет на Општина Охрид се реализираше до 15.11.2013 година кога на седница на Совет беше донесена нова Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општината бр. 07-6859/23. Причините поради кои се пристапи кон донесување на оваа Одлука за измени на Буџетот на Општина Охрид беше отстапувањето кое се јави во делот на остварувањето на приходите и аналогно на тоа неможноста за реализација на расходниот дел и развојните програми.

Со овие измени приходите и расходите на Буџетот беа проектирани на износ од **794.600.000,оо денари.**

Структурата на планираниот буџетот на општина Охрид за 2013 година согласно донесениот буџет и измените прикажани компаративно со претходната година е даден во следната табела:

***Табела бр.1***

| **Ред. број** | **Видови на приходи** | **2012** | **2013** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 441.895.284 | 363.334.078,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 44.501.622 | 44.694.244,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 358.392.494 | 360.260.178,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 26.065.000 | 24.761.500,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 3.545.600 | 1.550.000,оо |

## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ

### 2.1 Приходи на Општината

Извршувањето на приходите во буџетот на Општина Охрид за 2013 година изнесува **760.724.369,оо** денари што претставува извршување од 95,73% од проектираните 794.600.000,оо.

**Според изворите на приходи, структурата на остварување на буџетот е дадена во следната табела:**

***Табела бр.2***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2013 Планирано** | **2013 Остварено** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 363.334.078,оо | 329.747.121,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 44.694.244,оо | 49.831.537 ,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 360.260.178,оо | 358.947.854,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 24.761.500,оо | 20.619.786,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 1.550.000,оо | 1.578.071,оо |

Дадените показатели искажани во табелата укажуваат воглавно дека Општината во значителен процент ги реализирала зацртаните приходи освен во делот на изворните приходи каде постои дополнителен простор за зголемена активност на менаџментот со цел подобрување на приходите и можноста за реализација на програмите.

Во посебниот дел во буџетот на општина Охрид за 2013 година, може да се види структуралната распределба на остварување на приходите според единствениот план на класификација на приходите утврден за начинот на евидентирање во буџетските органи и другите буџетски корисници на Р. Македонија.

Споредбено остварувањето на буџетот во 2013 и 2012 година е даден во следната табела:

***Табела бр.3***

| Реден број | Видови на приходи | 2012 Остварено | 2013 Остварено |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 416.271.429,оо | 329.747.121,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 41.805.544,оо | 49.831.537 ,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 357.036.571,оо | 358.947.854,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 22.078.670,оо | 20.619.786,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 3.340.001,оо | 1.578.071,оо |

Сумирано вкупните реализирани приходи во 2013 година се за 79.807.846,оо денари помалку во однос на вкупно реализираните приходи во 2012 година. Особено значително е отстапувањето кај изворните приходи. Ваквиот факт се должи на тоа што од месец Април 2013 година, пристапено е кон целосно усогласување со законската регулатива, укинати се прибирањето на приходи и плаќањето со помош на пресметковни документи, цесии, асигнации и компензации, со кои директно се влијаеше на вкупниот приход ( со укинување на виртуелните плаќања) и во целост се пристапува кон почитување на одредбите од законот за платен промет.

**2.2 Расходи на општината**

Остварениот износ на приходи на буџетот на општина Охрид за 2013 година, претставува основ за степенот на реализирање на програмите за работа и измирување на трошоците согласно усвоените програми од страна на општинскиот совет.

Во посебниот дел на буџетот на општина Охрид за 2013 година искажани се трошоците по носители и корисници. Билансот на трошоците на буџетот на општина Охрид за 2013 година е во рамките на одобрениот буџет и истиот од 01.01 до 31.12.2013 година изнесува 747.210.291,оо денари (827.482.951 во 2012) или 94,04 %. (94.63% во 2012).

Разликата од 13.514.078,оо денари помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во периодот од 01.01 до 31.12.2013 година претставува вишок на приходи кои како непотрошени средства во тековната година се пренесуваат и распоредуваат во буџетот на наредната 2014 година, соодветно по намени.

Финансиските параметри по основ расходи и приходи од позицијата самофинансирачки активности како и наменските дотации за образование и детска заштита, поединечно се дадени во извештаите од наведените правни субјекти кои се предмет на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Охрид.

**2.3 Обврски кон добавувачите**

Висината на обврските претставува значителна пречка за непречено функционирање на општината, како и за целосна реализација на усвоените програми за работа. Во насока на целосно утврдување на вкупните обврски кон добавувачите од страна на менаџментот на општината беше изготвен план за реализација на оваа активност како основ за целосно утврдување на вкупниот долг на општината. Во насока на реализација на овој план покрај човечките ресурси на општината дополнително беа ангажирани и стручни лица од Министерството за финансии. Врз основа на севкупното согледување на обврските по сите основи изготвен е извештај бр. 07-6237/3 од 29.10.2013 год. кој како работен материјал беше доставен и разгледан од Советот на седницата одржана на ден 29.10.2013 год. Извештајот го содржи вкупниот долг по сите основи, структурално разработен по доверители за изведени работи, доверители за експропијација, каматни побарувања, судски процесни трошоци, спогодбени побарувања и побарувања од физички лица.

За разрешување на ваквата задолженост од страна на Градоначалникот превземени се активности за репрограмирање на долгот по соодветна динамика и преговарање со доверители за отпис на каматни побарувања, со цел да се овозможи фукционирање на општината и реализација на работните програми.

Во однос на функционирањето на општината треба да се напомене дека општината работи во услови на блокирана сметка со утврден лимит од основниот суд Охрид во висина за непоходно извршување на функциите на општината. И покрај активната политика на менаџментот на општината наследените обврски значително го отежнуваат редовното работење како и исплатата на обврските од тековните активности. Неопходно е дополнително ангажирање на сите структури на општината во насока на максимално прибирање на приходите утврдени со закон со цел да се реализираат активностите и програмите на општината.

Обврските на општината кон добавувачите во идниот период ќе бараат целосно и максимално ангажирање и насочување на целокупниот потенцијал кон разрешување на овој проблем како основ за придвижување на општината кон развој како и решавање на урбаните проблеми на граѓаните.

**2.4 *ПОБАРУВАЊА***

Општина Охрид преку надлежните служби и ангажираните правни застапници, редовно превзема дејствија за судска наплата на доспеаните побарувања. Во тој контекс оптужени се сите доспеани побарувања по сите основи од правни и физички лица. Со оглед дека дека дел од оптужените предмети не се завршени, односно се во постапка, во моментов општината не располага со податок колкав износ на средства ќе се добијат од оптужените предмети. Во насока на добивање на целосна слика за целокупните активности, со решение на Градоначалникот формирана е комисија со цел да изврши попис во кој се опфатени и оптужените предмети и истите во извештај бр.05-1996/1 од 14.02.2014 год. ќе бидат доставени на разгледување од општинскиот совет.

**Број 07-2653/4-1**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

ЗАВРШНА СМЕТКА 2013 ГОДИНА НА ОПШТИНА ОХРИД

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ОХРИД | Основен буџет | | Наменски дотации | | Самофинасирачки | | Донации | | Кредити | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| **ВИШОК НА ПРИХОДИ** | | **8.204.274** | | **2.334.402** | | **2.873.634** | | **101.768** | | **0** | | **13.514.078** |
| **7 ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **408.028.322** | **379.578.658,0** | **360.260.178** | **358.947.854** | **24.761.500** | **20.619.786** | **1.550.000** | **1.578.071** | **0** | **0** | **794.600.000** | **760.724.369** |
| **71 Даночни приходи** | **324.434.078** | **299.542.041** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **324.434.078** | **299.542.041** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 7.230.000 | 7.173.791 | | | | | | | | | 7.230.000 | 7.173.791 |
| 712 Придонеси од плати за социјални фондови | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 Даноци на имот | 143.600.000 | 147.236.108 | | | | | | | | | 143.600.000 | 147.236.108 |
| 714 Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 Други даноци | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 170.904.078 | 144.579.522 | | | | | | | | | 170.904.078 | 144.579.522 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 2.700.000 | 552.620 | | | | | | | | | 2.700.000 | 552.620 |
| 719 Данок на финансиски трансакции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **72 Неданочни приходи** | **14.100.000** | **12.760.584** | **0** | **0** | **24.761.500** | **18.256.093** | **0** | **0** | **0** | **0** | **38.861.500** | **31.016.677** |
| 721 Претприемачки приход и приход од | | | | | | 13.217 | | | | | 0 | 13.217 |
| 722 Такси и надоместоци | 3.400.000 | 3.423.135 | | | | | | | | | 3.400.000 | 3.423.135 |
| 723 Административни такси и надоместоци | 5.000.000 | 4.710.444 | | | 19.961.500 | 16.668.580 | | | | | 24.961.500 | 21.379.024 |
| 724 Други Владини услуги | 1.100.000 | 839.158 | | | | | | | | | 1.100.000 | 839.158 |
| 725 Други неданочни приходи | 4.600.000 | 3.787.847 | | | 4.800.000 | 1.574.296 | | | | | 9.400.000 | 5.362.143 |
| **73 Капитални приходи** | **24.800.000** | **17.444.496** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24.800.000** | **17.444.496** |
| 731 Продажба на капитални средства | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 732 Продажба на стоки | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 24.800.000 | 17.444.496 | | | | | | | | | 24.800.000 | 17.444.496 |
| 735 Камати | 0 | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **74 Трансфери и донации** | **44.694.244** | **49.831.537** | **360.260.178** | **358.947.854** | **0** | **2.363.693** | **1.550.000** | **1.578.071** | **0** | **0** | **406.504.422** | **412.721.155** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 44.694.244 | 49.831.537 | 360.260.178 | 358.947.854 | | 2.363.693 | | | | | 404.954.422 | 411.143.084 |
| 742 Донации од странство | | | | | | | 1.550.000 | 1.578.071 | | | 1.550.000 | 1.578.071 |
| 743 Капитални донации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 744 Тековни донации | | | | | | | | | | | | |
| **75 Домашно задолжување** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 751 Краткорочни позајмици во земјата | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 Благајнички записи | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 Долгорочни обврзници | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 Домашно задолжување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **76 Задолжување во странство** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 761 Меѓународни развојни агенции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 Странски влади | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 Други задолжувања во странство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **77 Продажба на хартии од вредност** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 771 Продажба на хартии од вредност | | | | | | | | | | | | 0 |
| **78 Приходи од отплата на заеми** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 781 Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

ЗАВРШНА СМЕТКА 2013 ГОДИНА НА ОПШТИНА ОХРИД

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ОХРИД БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД | Основен буџет | | Наменски дотации | | Самофинасирачки | | Донации | | Кредити | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| **4 ВКУПНИ РАСХОДИ** | **408.028.322** | **371.374.384** | **360.260.178** | **356.613.452,0** | **24.761.500** | **17.746.152** | **1.550.000** | **1.476.303,0** | **0** | **0** | **794.600.000** | **747.210.291** |
| **40 Плати наемнини и надоместоци** | **105.010.000** | **96.652.955** | **296.884.560** | **295.362.337** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **401.894.560** | **392.015.292** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 71.355.000 | 65.614.181 | 216.354.028 | 215.352.399 | | | | | | | 287.709.028 | 280.966.580 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 26.555.000 | 24.334.349 | 80.530.532 | 80.009.938 | | | | | | | 107.085.532 | 104.344.287 |
| 404 Надоместоци | 7.100.000 | 6.704.425 | | | | | | | | | 7.100.000 | 6.704.425 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **2.700.000** | **2.080.787** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.700.000** | **2.080.787** |
| 411 Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 1.400.000 | 1.164.121 | | | | | | | | | 1.400.000 | 1.164.121 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 1.300.000 | 916.666 | | | | | | | | | 1.300.000 | 916.666 |
| **42 Стоки и услуги** | **160.986.622** | **145.004.740** | **62.319.544** | **60.444.969** | **20.141.500** | **15.161.867** | **1.550.000** | **1.476.303** | **0** | **0** | **244.997.666** | **222.087.879** |
| 420 Патни и дневни расходи | 2.682.000 | 1.538.372 | | | 448.000 | 198.244 | 100.000 | 92.203 | | | 3.230.000 | 1.828.819 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 76.412.000 | 72.099.004 | 27.272.091 | 26.633.312 | 4.188.000 | 3.535.394 | | | | | 107.872.091 | 102.267.710 |
| 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 5.780.722 | 4.143.742 | 2.050.500 | 1.391.714 | 8.677.500 | 6.716.335 | | | | | 16.508.722 | 12.251.791 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 28.660.300 | 23.878.610 | | | 2.445.000 | 1.665.526 | | | | | 31.105.300 | 25.544.136 |
| 425 Договорни услуги | 34.984.600 | 32.203.430 | 32.806.953 | 32.316.790 | 2.983.000 | 2.185.054 | 1.450.000 | 1.384.100 | | | 72.224.553 | 68.089.374 |
| 426 Други тековни расходи | 8.967.000 | 7.765.049 | 190.000 | 103.153 | 1.400.000 | 861.314 | 0 | 0 | | | 10.557.000 | 8.729.516 |
| 427 Привремени вработувања | 3.500.000 | 3.376.533 | | | | | | | | | 3.500.000 | 3.376.533 |
| **43 Тековни трансфери до вонбуџетските фондови** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 431 Трансфери до фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 432 Трансфери до Агенцијата за | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 433 Трансфери до Фондот за здравство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **44 Тековни трансфери до единиците на локалната сам** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 441 Дотации од ДДВ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 442 Наменски дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 443 Блок дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 444 Дотации за делегирани по одделни надлежности | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **45 Каматни плаќања** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 451 Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 453 Каматни плаќања кон други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **25.345.000** | **23.756.316** | **1.056.074** | **806.146** | **560.000** | **58.336** | **0** | **0** | **0** | **0** | **26.961.074** | **24.620.798** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | 4.000.000 | 3.985.441 | | | | | | | | | 4.000.000 | 3.985.441 |
| 462 Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 5.800.000 | 4.738.854 | | | | | | | | | 5.800.000 | 4.738.854 |
| 464 Разни трансфери | 15.545.000 | 15.032.021 | 1.056.074 | 806.146 | 560.000 | 58.336 | | | | | 17.161.074 | 15.896.503 |
| **47 Социјални бенефиции** | **400.000** | **239.417** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **400.000** | **239.417** |
| 471 Социјални надоместоци | 400.000 | 239.417 | | | | | | | | | 400.000 | 239.417 |

ЗАВРШНА СМЕТКА 2013 ГОДИНА НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 472 Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 473 Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 474 Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **48 Капитални расходи** | **113.586.700** | **103.640.169** | **0** | **0** | **4.060.000** | **2.525.949** | **0** | **0** | **0** | **0** | **117.646.700** | **106.166.118** |
| 480 Купување опрема и машини | 2.650.000 | 1.768.958 | | | 1.410.000 | 517.034 | | | | | 4.060.000 | 2.285.992 |
| 481 Градежни објекти | 1.800.000 | 1.177.509 | | | | | | | | | 1.800.000 | 1.177.509 |
| 482 Други градежни објекти | 95.146.700 | 88.222.119 | | | 100.000 | | | | | | 95.246.700 | 88.222.119 |
| 483 Купување мебел | 700.000 | 617.993 | | | 950.000 | 482.166 | | | | | 1.650.000 | 1.100.159 |
| 484 Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 13.290.000 | 11.853.590 | | | 100.000 | 28.149 | | | | | 13.390.000 | 11.881.739 |
| 486 Купување на возила | | | | | 1.500.000 | 1.498.600 | | | | | 1.500.000 | 1.498.600 |
| 487 Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 488 Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **49 Отплата на главнина** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 492 Отплата на главнина до домашни институции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 493 Отплата на главнина до други нивоа на власт | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

Врз основа на член 29 и член 30 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ„ бр. 28/2003, 62/2006, 8/2009, 175/2011, 101/2013), Централната пописна комисија за вршење на годишен попис за 2013 година го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**
**за извршениот годишен попис во Општина Охрид со состојба на 31.12.2013 година**

1. Централната пописна комисија за редовниот годишен попис во состав:

- Александар Чинго - претседател
- Горан Недески - член
- Зоран Танески - член

и пооделните комисии за одредени наменски пописи

а) Комисија за попис на градежно земјиште и објекти, во состав:

- Тихомир Дурнев - претседател
- Илија Козомара - член
- Ѓорѓи Балески – член

б) Комисија за попис на инвестиции во тек и инвестиции, во состав:

- Сашо Котели - претседател
- Томе Нанески - член
- Илче Николоски - член

в) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат, во состав:

- Гоце Стојкоски - претседател
- Виолета Тунтева - член
- Билјана Балазоска – член

г) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за финансии и Сектор за даноци , во состав:

- Гоце Стојаноски - претседател
- Ана Николоска – член
- Билјана Јовческа - член

д) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици , во состав:

- Игор Петрески - претседател
- Мишко Кочески - член
- Климент Талевски - член

ѓ) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за правни и општи работи, Сектор за подршка на градоначалникот, Сектор за јавни дејности, Одделение за човечки ресурси и Одделение за внатрешна ревизија, во состав:

- Крсте Попоски - претседател
- Наташа Смилеска - член
- Томчо Секулоски - член

е) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за туризам и локален економски развој , во состав:

- Александар Митрески - претседател
- Весна Ангелоска - член
- Илкер Мустафа – член

ж) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за урбанизам и заштита на животна средина, во состав:

- Елена Јанкоска Цветаноска -претседател
- Кристе Куциноски - член
- Дијана Милошеска - член

з) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Територијална противпожарна единица на Општината, во состав:

- Блажески Љубен - претседател
- Димоски Никола - член
- Митрески Никола – член

ѕ) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Административна зграда-Косел, во состав:

- Владо Јованоски - претседател
- Горан Недески - член
- Зоран Танески - член

и) Комисија за попис на на парични средства (жиро сметка, благајна), во состав:

- Цвета Матеска - претседател
- Љупка Мартиноска - член
- Стојановиќ Лидија - член

ј) Комисија за попис на побарувањата и обврските во сметководствената евиденција на Општина Охрид во состав:

- Аврамоска Ивана - претседател
- Џамтоска Билјана - член
- Танески Зоран - член

Комисиите се формирани со решенија од одговорното лице под бр. 03-8123/1, бр. 03-8131/1, бр. 03-8137/1, бр. 03-8132/1, бр. 03-8123/1, бр. 03-8133/1, бр. 03-8123/1, бр. 03-8130/1, бр. 03-8123/1, бр. 03-8127/1, бр. 03-8134/1, бр. 03-8126/1, бр. 03-8123/1, бр. 03-8175/1, бр 03-8138/1 од 17.12. 2013 година, врз основа на кои извршија редовен годишен попис на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31.12. 2013 година.

2. Пописот е извршен согласно со одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

3. Со пописот се утврди фактичката состојба на постојани средства, ситниот инвентар, побарувањата и обврските во сметководствената документација и во благајната во Општина Охрид со состојба на 31.12. 2013 година.

За извршениот попис секоја комисија достави посебни извештаи кои се составен дел на овој извештал.

4. Пописот на постојани средства и на ситниот инвентар е извршен во просториите на секторите и одделенијата на Општина Охрид.

а) Комисија за попис на градежно земјиште и објекти, достави извештај при што ја констатира состојба за што достави пет пописни листи:

- градежно земјиште сопственост на Општина Охрид,

- објекти сопственост на Општина Охрид,

- земјиште сопственост на Општина Охрид,

- земјиште на кое Општина Охрид е запишана како носител на право за користење, управување и располагање,

- земјиште сопственост на Република македонија со прибележано право на користење во корист на Општина Охрид.

Комисијата при пописот го констатира следното:

- За попишаните недвижности – градежно земјиште под реден број од 1 до 4, од дадените податоци во пиписната листа комисијата не може да изврши идентификација на градежното земјиште, па согласно тоа комисијата не може да се произнесе за сегашниот статус на истото.

- За попишаните недвижности – згради под реден број од 2 до 6 од дадените податоци во пописната листа, комисијата не може да изврши идентификација на попишаните згради, па согласно тоа комисијата не може да се произнесе за сегашниот статус на истите.

- За попишаните недвижности – згради под реден број 1, Управна зграда на СО Охрид, комисијата заклучи дека истата е евидентирана во евидентен лист бр. 60631 КО Охрид 3, па за управната зградатреба да се изврши постапка за упис во катастарот на недвижности по што истата би се внесла во пописните листови за згради сопственост на Општина Охрид.

Комисијата пописните листи ги изготви врз основа на податоците од официјалниот орган надлежен за водење на катастарот за недвижности и во нив е опфатен недвижниот имот со запишано право на сопственост во корист на Општина Охрид.

За имотот евидентиран во пописните листи со незапишани права издадени од АКН, како и за друг имот за кој што Општина Охрид има исправи за правен основ подобни за вршење на запишување на правата во катастарот на недвижности, комисијата смета дека Општина Охрид треба да поведе соодветна постапка за запишување на правата, по што недвижниот имот со запишани права во корист на Општина Охрид би се попишал.

Во сметководственат евиденција градежното земјиште беше евидентирано во вкупен износ, поради што Централната пописна комисија предлага, согласно доставените имотни листови да се изврши поединечно евидентирање. Исто така да се изврши и проценка на имотот (земјиште и објекти) од страна на овластените проценители од Секторот за даноци во општина Охрид како би се утврдила пазарната вредност.

б) Комисија за попис на инвестиции во тек и инвестиции, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

- сегашна вредност на инфраструктурни објекти.....159.137.209,00 денари

в) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

- сегашна вредност на постојани средства......................547.033,00 денари

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Одделение за инспекциски надзор - Инспекторат до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 35.871,00 денари.

г) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за финансии и Сектор за даноци, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

Сектор за финансии

- сегашна вредност на постојани средства.....................535.129,00 денари

Сектор за даноци

- сегашна вредност на постојани средства.....................712.682,00 денари

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за финансии и Сектор за даноци до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 3.381,00 денари.

д) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

- сегашна вредност на постојани средства.................396.427,00 денари:

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за комунални дејности, сообраќај и улици до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 46.810,00 денари.

ѓ) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за правни и општи работи, Сектор за подршка на градоначалникот, Сектор за јавни дејности, Одделение за човечки ресурси и Одделение за внатрешна ревизија, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

Голема сала

- сегашна вредност на постојани средства......................256.790,00 денари

Мала сала

- сегашна вредност на постојани средства......................133.740,00 денари

Сектор за правни и општи работи

- сегашна вредност на постојани средства......................468.895,00 денари

Сектор за јавни дејности

- сегашна вредност на постојани средства......................209.346,00 денари

Канцеларија секретарки / градоначалник

- сегашна вредност на постојани средства......................339.723,00 денари

Канцеларија Градоначалник

- сегашна вредност на постојани средства......................452.738,00 денари

Канцеларија Секретар

- сегашна вредност на постојани средства.......................75.033,00 денари

Сектор за подршка на градоначалник

- сегашна вредност на постојани средства......................243.076,00 денари

Сектор за јавни дејности

- сегашна вредност на постојани средства......................209.346,00 денари

Одделение за внатрешна ревизија

- сегашна вредност на постојани средства........................20.675,00 денари

Возен парк

- сегашна вредност на постојани средства...................5.499.063,00 денари

Инфо центар

- сегашна вредност на постојани средства......................278.524,00 денари

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за правни и општи работи, Сектор за подршка на градоначалникот, Сектор за јавни дејности, Одделение за човечки ресурси и Одделение за внатрешна ревизија до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од:

Мала сала..........................................................................15.511,00 денари

Сектор за правни и општи работи....................................23.380,00 денари

Сектор за јавни дејности...................................................36.835,00 денари

Канцеларија секретарки / градоначалник..........................40.239,00 денари

Канцеларија Градоначалник..............................................34.138,00 денари

е) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за туризам и локален економски развој, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

- сегашна вредност на постојани средства.................3.078.273,00 денари

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за туризам и локален економски развој до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 1.095,00 денари.

ж) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за урбанизам и заштита на животна средина, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

- сегашна вредност на постојани средства..................1.329.236,00 денари

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Сектор за урбанизам и заштита на животна средина до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 0,00 денари.:

з) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Територијална противпожарна единица на Општината, достави извештај при што ја констатира следната состојба:

- сегашна вредност на постојани средства....................176.814,00 денари.

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Територијална противпожарна единица на Општината до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 6.049,00 денари.

Во соработка со одделението за финансиско сметководствени работи, Комисијата констатира дека треба да се прифати следната опрема:

- да се воведат во сметководствената евиденција постојаните средства дефибрилатор со сегашна вредност од 104.550,00 денари.

ѕ) Комисија за попис на постојани средства и ситен инвентар во Административна зграда-Косел, Спортска сала ОФС, Велестово дом, Совет, Јарболи во Инекс горица, Залиха достави извештај при што ја констатира следната состојба:

Административна зграда-Косел

- сегашна вредност на постојани средства.......................1.561,00 денари

Спортска сала ОФС

- сегашна вредност на постојани средства.......................59.955,00 денари

Велестово дом

- сегашна вредност на постојани средства....................259.350,00 денари

Совет

- сегашна вредност на постојани средства...................452.159,00 денари

Јарболи во Инекс горица

- сегашна вредност на постојани средства.................1.567.657,00 денари

Залиха

- сегашна вредност на постојани средства...................105.363,00 денари

При пописот е констатирано дека одредени постојани средства се неупотребливи и нефункционални и по доставувањето на извештајот од Комисијата за вршење на годишниот попис на постојани средства и ситен инвентар во Административна зграда-Косел до Централната пописна комисија, Комисијата предлага истиот да биде книговодствено отпишан (расходован) со сегашна вредност од 495,00 денари.

Во соработка со одделението за финансиско сметководствени работи, Комисијата констатира дека треба да се прифати следната опрема:

- да се воведат во сметководствената евиденција постојаните средства клима уред и фотокопир Самсунг со сегашна вредност од 5.000,00 денари.

5. На ден 31.12. 2013 година Комисијата за вршење на годишен попис во жиро сметка и благајната на Општина Охрид за извршениот попис достави извештај при што ја констатира следната состојба:

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ С. ПЕШТАНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/32** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ с. ПЕШТАНИ**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани за 2013 година, донесена од Училишниот одбор бр.02-67/3 од 13.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2653/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОМУ „Методи Патче“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОМУ „Методи Патче“ Охрид за 2013 година, донесена од Училишниот одбор бр.02-32/3 од 20.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07 –2653/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОСУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОСУ „Св. Климент Охридски“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/34** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОСУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОСУ „Св.Климент Охридски“ Охрид за 2013 година, донесена од Училишниот одбор бр.02-83/3 од 14.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/34** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/35** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОЕМУЦ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“ Охрид за 2013 година, донесена од Училишниот одбор бр.02-161/4 од 10.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОУТУ „ ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ОУТУ „ Ванчо Питошески“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ОУТУ „ ВАНЧО ПИТОШЕСКИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУТУ „ Ванчо Питошески“ Охрид за 2013 година, донесена од Училишниот одбор бр.02-89/3 од 25.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2653/36**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“-ОХРИД ЗА 2012/2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУ отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“-Охрид за 2012/2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/37**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“-ОХРИД ЗА 2012/2013 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“-Охрид за 2012/2013 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“-Охрид бр.02-86/4 од 25.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за финансиското работење и годишната сметка за 2013 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2013 ГОДИНА НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2013 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид, донесена од Управниот одбор бр.05-93 од 19.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид.“

**Број 07-2653/38** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Статутот на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/39** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Статутот на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид бр.02-94 од 19.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/40** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид бр.02-95 од 19.02.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/40**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ГРАДОТ ПОДОЉСК, ОД МОСКОВСКА ОБЛАСТ, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за збратимување на градот Охрид, Република Македонија со градот Подољск, од Московска област, Руска федерација, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/41**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ГРАДОТ ПОДОЉСК, ОД МОСКОВСКА ОБЛАСТ, РУСКА ФЕДЕРАЦИЈА

**Член 1**

Градот Охрид се збратимува со градот Подољск, Московска област.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот Никола Бакрачески да ја потпише спогодбата за збратимување на градовите, по претходен договор на страните за местото и денот на потпишување.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа Одлука ќе се утврди со спогодбата од член 2 и по потреба со дополнителни одделни меѓусебни акти.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Бр.07-2653/41**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАЕДНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за заедничко организирање на Јавен линиски превоз на патници, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/42**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.8/07 ) и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04,127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/10, 6/12, 23/23, 120/13, 163/13, 187/13), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАЕДНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Охрид дава согласност да се пристапи кон склучување Спогодба за заедничко организирање на линиски превоз на патници помеѓу општините:

- ОХРИД, претставувана од Градоначалник Никола Бакрачески
- ДЕБАРЦА, претставувана од Градоначалник Игор Трајкоски

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на општина Охрид да ја потпише **Спогодбата за заедничко организирање на линиски превоз на патници** помеѓу двете општини.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Охрид“.

**Бр.07-2653/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПОДСТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2014 – 2018**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на подстратегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 – 2018, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/43** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПОДСТРАТЕГИЈАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД 2014 - 2018**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ УСВОЈУВА Подстратегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 - 2018.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Подстратегијата за рурален развој на општина Охрид 2014 - 2018.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/43**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на процена на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/44**
**11.03.2014год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ“ бр.29/05, 36/11), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Процената на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности, изработена од Регионалниот центар за управување со кризи-Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/44**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/45**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2014 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2014 година.

**Член 2**

Просторот за поставување на урбана опрема за продажба (точка 4.1 од Годишната програма), површината за поставување урбана опрема во функција на туристички, спортски и културни настани (точка 4.2 од Годишната програма), просторот наменет за површини за покриени и непокриени шанкови (точка 4.5 од Годишната програма) и микролокациите за поставување на рекламни паноа (точка 4.9 од Годишната програма), ќе се издаваат по пат на јавен оглас со јавно наддавање.

**Член 3**

- За поставување на урбана опрема за продажба на сувенири на унифицирани тезги со димензии 2.00 м x 1.00 м и 1.60 м x 1.00 м, почетната цена изнесува 3.000,оо денари месечно;

-За издавање на простор за поставување на фрижидери за продажба на сладолед, почетната цена изнесува 5.000,оо денари месечно по локација, а на една локација можат да се постават 2 (два) стандардни фрижидери;

- За издавање на простор за продажба на уметнички слики, почетната цена изнесува 8.000,оо денари месечно;

- За издавање на простор за продажба на народни ракотворби, почетната цена изнесува 3.000,оо денари месечно;

- За издавање на простор за продажба на книги на типска опрема, почетната цена изнесува 8.000,оо денари месечно;

-За користење на површини за поставување на детски игралишта (забава на отворено), почетната цена изнесува 250,оо денари по м2 месечно;

- За користење на површини за организирање забава во затворен простор, почетната цена изнесува 20,оо денари по м2 дневно;

- За користење на површини за поставување на унифицирана урбана опрема за презентација, почетната цена изнесува 2.000,оо денари по м2 дневно;

- За користење на површини за поставување на покриени и непокриени шанкови, почетната цена изнесува 10.000,оо денари по м2 месечно и

- За користење на простор за разни презентации, цената изнесува 200,оо денари по м2 дневно.

Во почетната цена не е опфатена комуналната такса.

**Член 4**

Користењето на просторот за поставување на урбана опрема од член 3 став 1 алинеа 1, 2, 3, 4 и 6 го опфаќа периодот од 15 јуни до 15 септември.

Користењето на просторот за поставување на покриени и непокриени шанкови опфаќа период од три месеци.

Договорите за користење на простор за поставување на маси и столови пред угостителски објекти ќе се склучуваат на период не помал од 3 месеци.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за продолжување на важноста на Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид бр. 07-2100/4 од 17.05.2013 година.

Важноста на оваа Одлука е до донесување на следната Одлука за поставување на урбана опрема во општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Бр.07-2653/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 80, 80-а и член 81 од Законот за градење("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12,144/12, 25/13, 79/13, 137/13 и 163/13) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр.28/14) за изработка на **ГОДИШНА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема воОпштина Охрид (2014 година),** Трговското друштво за производство,трговија и услуги ДБ СТИЛ Ко. Охрид, ДООЕЛ го издава следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ**

За изработка на **ГОДИШНА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во Општина Охрид ( 2014 година),** со технички број **02/14** како извршители се назначуваат:
-Соња Филдишева, дипломиран инженер архитект
-Јован Милошески, дипломиран инженер архитект

Планерите се должни документацијата да ја изработат согласно Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11,36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13 и 28/14), Законотза просторно и урбанистичко планирање ("Службен

весник на РМ"бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и163/13), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

**УПРАВИТЕЛ**
Јован Милошески, диа

**ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**1.ВОВЕД**

Изработката, донесување и спроведување на планска документација заГодишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид езаконска обврска на Локалната самоуправа. Документацијата е изработена по барање и за потребите на ЕЛС Охрид.
Годишната програма за поставување на урбана опрема е изработена во согласност со Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13 и 28/14),поточно член 80, 80-а и член 81 од наслов V Одобрение за градба,поднаслов 11, Времени објекти и урбана опрема, односно член 2, точка 4 од наслов I. Општи одредби. Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, односно треба да се уреди на земјиште сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид.
Исто така, Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид треба да биде изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/2005, 137/2007, 91/2009, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 и 23/13), како и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11). Тоа е потребно бидејки делови од просторот кој треба да се уреди припаѓаат на **Старото градско јадро на Охрид** кое претставува **споменичка целина**, како и на контактната зона на Старото
градско јадро на Охрид.
Годишната програма за поставување на урбаната опрема во Општина Охрид ја утврдува Советот на Општина Охрид, по претходно добиено Позитивно Мислење од страна на Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид.
Позитивното мислење е потребно, иако Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид не е Детален урбанистички план од член 6 на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11), бидејки е планска документација која го уредува просторот за чија заштита, уредување, ревитализација и рационално користење е надлежна Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и

Музеј- Охрид, која управува со Старото градско јадро на Охрид во името на Република Македонија.
Во името на локалната заедница управува Општина Охрид (член 10 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11).
Изработената планска документација понатака треба да претставува основа за изработка на техничка документација со која Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид ќе се спроведува.

**2.ПРИЧИНИ И ЦЕЛИ ЗА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Основна причина** за изработката на Годишната програма за поставување на урбаната опрема во Општина Охрид е законската обврска за нејзина изработка, донесување и спроведување.
**Целта** на изработката на Годишната програма за поставување на урбана опрема е плански да се уреди подрачјето на Општината, односно да се означат површините каде може да се постави опремата ( јавните површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, сопственост на Република Македонија, каде има изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација ).

**3. ВИД НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ПОДРАЧЈЕ**

ГОДИШНАТА ПРОГРАМА за поставување на урбана опрема во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид е планска документација која се изработува за потребите на ЕЛС –Охрид,

**4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА**

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози се однесува на одредување на површини во Охрид во најатрактивното подрачје кое е најпосетено од туристите, како и надвор од градот за поставување на Урбана опрема, према член 2, точка 4 од Општите одредби на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13 и 28/14). Урбана опрема дефинирана со овој член се смета опрема за продажба на **билети за јавен превоз, весници**, **сувенири, цвеќиња**, **сладолед**, **телефонски говорници**, **автобуски постојки,** типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни испортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници,платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

За поставувањето на урбана опрема - рекламни и информативни паноа,како и рекламни и информативни паноа кои се поставуваат на објектисогласно член 74 од Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13и 28/14), Советот на општината, Советите на општините на градот Скопје и Советот на градот Скопје донесуваат програма со која се утврдува бројот И големината на паноата, како и локациите и објектите на кои можат да сепостават истите, согласно член 80-а. Микролокациите за нивнопоставување се дадени во графичките прилози.

Поради специфичноста на самиот град Охрид, како туристички центар се предвидуваат, односно потврдуваат површини за поставување на урбана опрема, која во изминатите години е поставувана на одредени локалитети, бидејќи е согледано дека е потребна за забава, уживање и рекреација на жителите и посетителите. Тоа се површините наменети за забава на отворено, забава во затворен простор, забава во отворен - затворен простор (за разни спортски активности), детски игралишта, наткривање на постојни и нови ( спортски ) кошаркарски, ракометни и сл. игралишта и простори во зимски период со импрегнирано платно ("балони"- прицврстени за теренот), поставување на туристички инфо центри, културни инфо центри и touch screen уреди (со цел на посетителите на град Охрид да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка и културна понуда), површини определени за поставување на превозни средства кои не ја загадуваат околината за рекреација и разгледување на градот (точак на четири тркала, подвижен паб и сл.), велосипедски терминали - наткриени, типска опрема за продажба на книги, уметнички дејности (уметнички слики, народни ракотворби, марки и сл. ), јарболи за поставување на знаме на државите кои имаат или ќе отворат конзуларни претставништва во градот, продажна опрема, поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, како и во период на одржување на разни презентации, настани или манифестации, одредување простор за мобилни реклами и презентации и сл.
Дополнителна урбана опрема, за поставување на типска опрема за продажба, односно презентација или манифестација, надвор од наведеното, по барање на правни и физички лица, како и за потребите на Јавното комунално претпријатие или Локалната самоуправа од Охрид можно е со дополнителен предлог, кој би се донел со одлука на Советот на Општина Охрид на некоја наредна Седница.
За поставување на урбана опрема, советот на општината, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје донесуваат програма со која се утврдува бројот, видот и големината на урбаната опрема како и локациите и објектите на кои може да се постави истата.

**4.1. Урбана опрема за продажба**
**4.1.1. Билети за јавен превоз, весници и цвеќиња**

Локациите за поставување на унифицирана урбана опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници и цвеќиња на целата територија на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни лица.
-Површина за цветен пазар е предвидена на влезот во "Градскиот Пазар" од страна на плоштадот "Крушевска Република" - графички прилог бр.5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4).
**4.1.2. Сувенири**
Во графичкиот прилог бр.1 Шема на површини за поставување на урбана опрема планирана е унифицирана урбана опрема за продажба на сувенири (означени 64 тезги со димензии 2.00 м x 1.00 м, односно 1.60 м x 0.80 м графички прилози бр. 2, бр. 3, бр. 4, бр. 7, бр. 9, бр. 17, бр. 18, односно бр, 19
- Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 1), (Дел 2), (Дел 3), (Дел 6), (Дел 8), (Дел 16), (Дел 17) односно (Дел 18).
Исто така се планирани и дополнителни површини:

-Површина по поплочената патека помеѓу влезот во **"Самоиловататврдина"** и комплексот **"Плаошник"** е планирана за изработка и продажба на сувенири, графички прилог бр.17 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 16).
-Површина пред угостителскиот комплекс "**Летница"** по пешачката улица Свети Климент Охридски, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).
- На левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14).
Унифицираната урбана опрема број 9, 10, 11а и 12 во деновите кога на планираната површина за нивно поставување ќе се одржува културна манифестација ќе бидат дислоцирани на кејот на Охридското Езеро (во истиот правец).

**4.1.3. Сладолед**

-По должина на кејот планирано е поставување фрижидери, групирани по два на приближно растојание од 50 м (според шемата).
-На плоштадот "Свети Климент Охридски", графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).
-На плоштадот "Крушевска Република", графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3), како и во графички прилог бр. 5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4);
-На левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14).

**4.1.4. Уметнички слики**

-Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и угостителскиот комплекс "**Летница"** по пешачката улица "Свети Климент Охридски" планирана е за изработка и продажба на уметнички слики и изработка на портрети, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**4.1.5. Народни ракотворби**

- Површината западно од дворното место на "Куќата на Уранија", пред куќата на "Христо Узунов"- Сараиште предвидена за презентација и продажба на народни ракотворби и слично, графички прилог бр. 3 -Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).

**4.1.6. Книги**

- Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и угостителскиот комплекс "**Летница"** по тротоарот на улица Македонски просветители планирана е за поставување на типска опрема за продажба на книги, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**4.2. Автобуски постојки**

Планирани се 67 постојки за автобуси, минибуси и комби на подрачјето на општина Охрид од кои 22 се прикажани во графичкиот прилог бр. 1 - Шема на површини за поставување на урбана опрема. Останатите се предвидени на овие локации: Печатница "Коста Абраш", ХТД "Застава", четири автобуски постојки во Радојца Новичиќ, с. Долно Лакочереј, с. Долно Лакочереј, фабрика Езерка, АГП (15- ти Корпус), Градски Гробишта, две автобуски постојки во с. Лескоец, Корабица, фабрика ЕМО, три автобуски постојки во с. Косел, две автобуски постојки во с. Опеница, Прентов Мост, База, с. Вапила, детско игралиште Бараки, Отпад, Хотел Метропол, две автобуски

постојки во Лагадин, Елешец, Урвиште, две автобуски постојки во Пештани, Автоксмп Градиште, с. Трпејца, с. Љубаништа, Автокамп
Љубаништа, Лескајца,с. Подмоље, Орев, с. Велгошти, населба Рача, Свети Стефан, Хотел Гранит, три автобуски постојки на ул. Железничка идр.

**4.3. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани**

**4.3.1. Урбана опрема (забава на отворено)**

-Површини за поставување на реквизити за детски игралишта, картинг, лизгалиште и сл. се планирани на повеќе локации на Спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 12 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 11), графички прилог бр. 14 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 13) и на дел од улица "1-ви Мај" која е забранета за сообраќај, .

Дополнителни локации на територијата на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни и физички лица.

**4.3.2. Стрелаштво (забава на отворено)**

Локациите за поставување на опрема за стрелачки вештини (лак и стрела) на територијата на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни и физички лица.

**4.3.3. Забава во затворен (наткриен ) простор**

-Површина за поставување на опрема за одржување на циркуски вештини, е планирана на спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 14 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 13).

**4.3.4. Забава на отворен - затворен простор - "балони"**

Поставување на "балони" од импрегнирано платно (прицврстени за теренот), односно наткривање на постојните и новопредвидени отворени спортски и рекреативни терени - кошаркарски, ракометни и сл. игралишта, простори, во зимски период, заради заштита од надворешни влијанија.

- Изведено во над спортскиот терен во ОУ Глигор Прличев, спортски центар "Климент Колески"

Локациите за поставување на територијата на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесенобарање на правни и физички лица.

**4.3.5. Презентација**

Поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, туристички, културни и спортски настани како и во период на одржување на разни манифестации и презентации,

-Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро, пред зидините "Охридска крепост Долна Порта, јужен дел"- комплекс Табана е планиран за одржување на вакви настани, графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2);

**4.4.Тераси со и без настрешници**

**4.4.1.Маси и столови**

Површини на кои се поставуваат маси и столови пред угостителски објекти и простори**;**

-тераса димензионирана со ширина од **1 м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по два столови**;

-тераса димензионирана со ширина до **2 м** е планирана за поставување на **еден ред маси со по четири столови**;
-тераса димензионирана со ширина до **4 м** е планирана за поставување на **два реда маси со по четири столови**;
-тераса димензионирана со ширина до **6 м** е планирана за поставување на **три реда маси со по четири столови**;
тераса димензионирана со ширина до **8 м** е планирана за поставување на **четири реда маси со по четири столови;**

**4.5. Платформи за разни манифестации, презентации на копно и на водна површина**
- Површина од околу 2200 м2 на плоштадот "Свети Климент Охридски", графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2);
-површина од околу 1500 м2 на проширениот Кеј кај пристаништето;
- површина од околу 750 м2 на улица Кеј Маршал Тито на потегот од завршетокот на улица Дебарца и покриениот шанк "Жиголо" графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6). Унифицираната урбана опрема број 9,10, 11а и 12 во деновите кога на планираната површина за нивно поставување ќе се одржува културна манифестација ќе бидат дислоцирани на кејот на Охридското Езеро (во истиот правец).

-Резервиран простор за оваа намена е на плоштадот "Крушевска Република", на површина од околу 1500 м2, графички прилог бр. 5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4);
-површина од околу 500 м2 за разни манифестации во водната површина;

**4.6. Покриени и непокриени шанкови**
Површини за покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на физички и правни лица во Централното градско подрачје и кејот.
-Покрај постојните поставени шанкови, покриен шанк се предвидува и на левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14);
-Денивелираната површина помеѓу трговскиот центар "**Амам"** и угостителскиот комплекс "**Летница",** односно помеѓу пешачката улица "Свети Климент Охридски" и "Македонски просветители" планирана е за поставување на покриен шанк, графички прилог бр. 4 -Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

**4.7. Настрешници и тенди**

-Поставување на настрешници, тенди во дворните места на угостителските објекти и простори ( хотели, мотели, ресторани, кафани, вили и слично) на целокупната територија на Општина Охрид.
- Поставување на настрешници на јавни површини пред угостителските објекти и простори ( хотели, мотели, ресторани, кафани, вили и слично).

**4.8. Телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**
Локациите за поставување на телефонски говорници, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци на целокупната територија на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**4.9. Јавни санитарни јазли**

Површини определени на неколку пункта за поставување на јавни санитарни (суви). јазли "Плаошник", "Амфитеатар", плажа "Сараиште", паркингот пред влезот во "Горна порта" и хотел "Палас".

- Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и угостителскиот комплекс "**Летница"** на проширениот плоштад (пониско ниво на улица Македонски просветители) планирана е за поставување на јавни санитарни (суви). јазли кои е планирано да се позади покриениот шанк, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

По потреба при одржување на јавни презентации, манифестации и сл. можно е поставување и на други површини.

**4.10. Детски игралишта**

Површини за поставување на реквизити за детски игралишта. се планирани на 21 локација на територијата на Општина Охрид од кои на 11 се презентирани во графички прилог бр. 1 - Шема на површини за поставување на урбана опрема.

Дополнителни планирани локации за уредување, надвор од графичкиот прилог се во Лакочереј - кошаркарско игралиште, Велгошти - кошаркарско игралиште, Воска - кошаркарско игралиште, Лескоец Ђфудбалско игралиште, ул. Бистрица - кошаркарско игралиште, Жолти згради - Инфел - кошаркарско игралиште, Пере Тошев - кошаркарско игралиште, ул. Кленоец - кошаркарско игралиште, Центар - кошаркарско и ракометно игралиште,Радојца Новичиќ.

**4.11. Рекламни и информациони паноа**

Рекламните и иформационите паноа можат да се постават на слободни површини, каде не сметаат на пешачката комуникација. Микролокациите за нивно поставување се дадени во графичките прилози (70 микролокации).

Дополнителните локации по барање на правни и физички лица ќе ги одреди Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**4.12. Туристички инфо центри**

Со цел на посетителите и туристите на град Охрид и поширокото опкружување да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка понуда предвидени се локации за туристички инфо центри на повеќе пунктови на територијата на градот Охрид, како и во поширокото опкружување на влезните магистрални правци М4 и М5 И регионалните патни правци што водат во Охрид.

Локации за поставување на овие Туристички инфо центри:

- Влезот на Охрид од страна на магистралниот пат М-4 на десната страна на Булевар "Туристичка" после клучката на земјиште сопственост на РМ (Комплекс плаво бели згради), графички прилог бр. 16 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 15).
- На аголот помеѓу улиците Македонски просветители и Партизанска, пред Македонски Телеком, графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3);

- На магистралниот пат М-5 во село Косел кај некогашната Општинска зграда на земјиште сопственост на РМ.
- На регионалниот пат Р-501 (Охрид - Свети Наум - Граница со Р Албанија) во село Пештани кај станбено - деловниот комплекс на "ЦИП"

Условите за нивно функционирање и поставуање (добивање дозвола за користење на просторот, уредување, изградба на паркинг простор, довод на електрична енергија, санитарен чвор, довод на вода и слично) ќе ги дефинира ЕЛС - Охрид.
За полесен и побрз пристап до овие инфо центри, треба да се поставаат соодветни знаци (инфо елементи) и патокази со цел тие да бидат обележени. лесно достапни.

**4.13. Културни инфо центри**

Со цел на посетителите и туристите на град Охрид и поширокото опкружување да им се обезбеди полесен пристап до информации за недвижното културно наследство, културно историските споменици и сл. предвидени се културни инфо центри:

- На проширениот простор на кејот на Охридското Езеро, пред пристаништето - графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).
- Површина помеѓу Трговскиот центар "Амам" и Трговско - угостителскиот комплекс "Летница"- графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3) - поставен.
- Резервиран простор за оваа намена е на плоштадот "КрушевскаРепублика" - графички прилог бр. 5 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 4) - поставен).

**4.14. Touch screen апарати**

За подобра инфрмираност на посетителите на град Охрид со содржините кои се нудат, се јавува потреба од поставување на тоуцх сцреен уреди на повеќе локации. Дел од нив се веќе поставени на атрактивни локациии на територијата на град Охрид и веќе функционираат, но по целосното согледување и исполнување на соодветни услови за нивно функционирање (обезбедување на дозвола, довод на електрична енергија, мерки за заштита на апаратот и слично) можат да се постават и дополнителни Touch screen апарати.

**4.15. Урбана опрема за туристичка информација**

Локации за поставување на урбана опрема за туристичка информација за сместување на посетителите во градот се предвидуваат на Автобускиот терминал - меЃуградска и локална станица во Охрид, пред Т- Мобиле, на аголот на улица Партизанска и улица Македонски просветители и пред трговскиот објект на "Први Мај" на улица Македонски просветители .

Дополнителни микролокации за нивно поставување ќе ги одреди Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**4.16. Површини за подвижна урбана опрема**

Површини за поставување - паркирање на подвижна урбана опрема - превозни средства кои не ја загадуваат околината за рекреација и рагледување на градот (велосипеди на четири тркала, подвижен паб и сл.).

Микролокациите за нивно поставување ќе ги одреди Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**4.17.Велосипедски терминали**

Локации за поставување на велосипедски терминали - покриени кои ќе се користат за превоз од еден терминал до друг се планирани во Хотелскиот комплекс Горица, како и во:

- Градско пристаниште - графички прилог бр.3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).

- Медицински центар - Охрид - графички прилог бр.28 - Шема наповршини за поставување на урбана опрема (Дел 27).

- Автобуска станица - графички прилог бр.27 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 26).

Дополнителни локации за поставување на велосипедски терминали - покриени на целата територија на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни лица.

**4.18. Банкомати**

Локациите, односно објектите каде Ќе може да се постават банкомати по барање на правни лица ќе ги одреди Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

**4.19. Јарбол пред конзуларни претставништва**

Локациите каде Ќе може да се постават јарболи со знаме на државите кои отвориле или Ќе отворат конзуларните претставниШтва во Охрид по нивно барање ќе ги одреди Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Локалната Самоуправа, по нивно согледување.

## 5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Со донесување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11) и Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, како планска документација со која се уредуваат и делови од просторот на Старото градско јадро на Охрид, како и делови од контактната зона на Старото градско јадро на Охрид, треба да се усогласи, заради заштита, уредување, ревитализација и рационално користење на просторот кој влегува во нивните граници. Особено треба да се применат дел од точките од член 7 и член 8 од Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење:

Член 7

(1) Во старото градско јадро на Охрид не смее:

12) да се воведат нови намени кои предизвикуваат бучава и загадување на околината;

13) да се паркира до заштитените добра и да се формираат паркинг места до нив;

14) да се менува обработката на пешачките патеки и на сообраќајниците од камени плочи и гранитни коцки;

15) да се употребуваат павер - елементи (бехатон) како обработка на пешачките површини;

16) да се поставуваат потпирачи, телевизиски антени, репетитори, големи рекламни паноа и слично;

17) да се оштетува Старото градско јадро на Охрид, особено со несоодветно користење;

(2) Во Старото градско јадро на Охрид режимот на заштита се остварува според детално дефинирани параметри во деталните урбанистички планови (*овде се работи за планска документација која се изработува во истиот размер како и тие)* од членот 6 на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Службен весник на РМ бр.47/11) кои се донесуваат за споменичката целина:
15) вклопување на натписи на фирми и други натписи, билборди, неонски и друг вид на реклами, сообраќајни знаци, споменичка сигналистика, осветлување, урбана опрема на отворените простори;

Член 8
(1) Во контактната зона на Старото градско јадро на Охрид не смее:
4) да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени добра во радиус од 15 м околу објектите;

Член 9
(1) Општината Охрид и нејзините органи и јавни служби се одговорни за спроведување на мерки и активности во заштитеното подрачје во рамките на нивните надлежности утврдени со овој и со друг закон;
(2)

6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Член 1
Површините за поставувањето на урбаната опрема предложени со Годишната Програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, треба да се почитуваат:

Член 2

При организација на површините за поставување на урбана опрема особено да се внимава да не се наруши основната намена во просторот И безбедноста во сообраќајот ( да не се поставува опрема што ќе претставува бариера при движење на пешаците - дополнителни маси, корита за цвеќа, рекламни паноа и слично);

Член 3
Да се почитува член 80 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 63/12, 126/12 и 19/13)
- "Постојаната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на лицата со инвалидност со колички;

Член 4
Времено поставување на урбана опрема во ноќните часови во стариот дел на Охрид (во време на забрана на сообраќај);

Член 5
Површината ангажирана за поставување на урбана опрема може да се надкрие со конзолна тенда, чадор, односно настрешница на јавната површина, кои ќе бидат поставени во граници на дозволената површина означена во графичкиот прилог;

Член 6
Површините предвидени за поставување на урбаната опрема на јавните површини во графичкиот прилог се ориентациони, а точно ќе се дефинираат и опредлат со изработката на Идејниот проект за поставување на урбаната опрема. Неговото утврдување ќе биде услов за добивање на Одобрение за поставување на урбана опрема. Дел од опремата може да биде поставена И на површина сопственост на физичко или правно лице, но со претходна нивна согласност;

Член 7
За ново отворените објекти и простории, односно пренаменети за вршење на угостителска дејност, во период додека е во сила оваа Планска документација, а не се планирани и презентирани во графичкиот прилог на Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, по барање на физички и правни лица, Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште, односно по нивни согледувања, согласно важечката законска регулативе, ќе може да издава Одобрение за поставување урбана опрема;

Член 8
За потребите на граѓаните во и надвор од градското подрачје во Општина Охрид, кое не е опфатено со графичкиот прилог "Шема на површини за поставување на урбана опрема" на Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште согласно важечката законска регулатива ќе може да издава Одобрение за поставување урбана опрема по барања на инвеститорите (правни и физички лица). во дворните места на угостителските објекти и простори - хотели, мотели, ресторани, кафани, вили и слично;

Член 9
Со Одобрението за поставување на урбана опрема се утврдуваат условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема;

Член 10
Одобрението за поставување на урбана опрема ќе го издава Градоначалникот на општината, по утврдување на Програмата од страна на Советот на Општина Охрид;

Член 11
Урбаната опрема се поставува по добиено Одобрение за поставување на урбана опрема;

Член 12
Контролата врз спроведувањето, односно реализацијата на планската документација, Годишна програма за поставување на урбаната опрема ќе се врши согласно член 128 од Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12 и 144/12) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр.25/13).

**Напомена**

1. Растојанието меѓу поставената урбаната опрема (маси и столови) на преминот од улица "Св. Климент Охридски" кон плоштадот (меѓу угостителските објекти "Летница" и "Милениум") да не биде помало од 8,0 м.

2. Растојанието помеѓу поставената урбана опрема (маси и столови) на улица ″Самоилова″ да биде контролирано (согласно шемата) за да се обезбеди непречена комуникација кон стариот дел на градот.

3. Не се дозволува поставување на отворени или наткриени скари, како и апарати за производство и продажба на храна на отворен простор.

**ПЛАНЕРИ:**
Соња Филдишева, диа
Јован Милошески, диа

**Бр.07-2653/45-1**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ И ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА КРАТКОТРАЕН ЗАКУП НА УРЕДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ( СТОЛОВИ И МАСИ) ЗА 2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на зоните и висината на цената за краткотраен закуп на уредено градежно земјиште за поставување урбана опрема ( столови и маси) за 2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/46**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), член 41 од Законот за градежно земјиште и член 79 од Законот за градба, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗОНИТЕ И ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА ЗА КРАТКОТРАЕН ЗАКУП НА УРЕДЕНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА (СТОЛОВИ И МАСИ) ЗА 2014 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат зоните, висината на цената за краткотраен закуп на уредено градежно земјиште и начинот на издавање и користење под закуп на уреденото градежно земјиште за поставување угостителска опрема-маси и столови пред деловни објекти.

**Член 2**

Уреденото градежно земјиште кое е предмет на краткотраен закуп за поставување на урбана опрема (столови и маси) е зонирано во (3) три зони и тоа:

ЗОНА 1: ул.„Гоце Делчев“ (пешачка комуникација), Плоштад „Крушевска Република“, ул. „7-ми Ноември“ (пешачка комуникација), ул.„Свети Климент Охридски“ (Чаршија), Плоштад „Свети Климент Охридски“, ул.„Самоилова“, ул.„Цар Самоил“, ул.„Коста Абраш“, ул.„Кеј Маршал Тито“, ул.„Бул.Македонски Просветители“ (до пресек со „Бул.Туристичка“), ул.„Партизанска“ (до пресек со ул.„Јане Сандански“), ул. „Кузман Јосифоски Питу“ и комплекс „Билјанини Извори“.

ЗОНА 2: ул.„Димитар Влахов“, ул.„Булевар Туристчка“, ул.„Абас Емин“ (од ул.„Гоце Делчев“ до „Бул.Туристичка“), ул.„Мите Богоески“ и ул.„Партизанска“ (од ул.„Јане Сандански“ до ул.„АСНОМ“).

ЗОНА 3: Останати локации на територијата на општина Охрид кои не се опфатени со Зона 1 и Зона 2.

**Член 3**

Цената за 1 метар квадратен, месечно се утврдува на износ од:

За ЗОНА 1 - 250 денари
За ЗОНА 2 - 150 денари
За ЗОНА 3 - 100 денари

**Член 4**

Право на закуп на уреденото градежно земјиште имаат регистрирани правни лица кои располагаат со угостителски објект и исклучиво за простор кој се наоѓа пред нивниот деловен објект.

**Член 5**

Закупецот на уреденото градежно земјиште, просторот може да го користи исклучиво за угостителска дејност за поставување на маси и столови и на истиот не може да поставува друга опрема освен чадори за сонце и украсни подвижни жардињерии.

**Член 6**

Односите помеѓу општината и закупецот на градежно земјиште ќе се уредат со меѓусебен договор во кој поблиску ќе биде дефиниран рокот за закуп, површината на закуп, вкупниот износ, правата и обврските на закупецот и општината.

**Член 7**

Надлежните служби на општината да изготват правилник за начинот на издавање на уредено градежно земјиште под закуп за поставување угостителска опрема-маси и столови пред деловни објекти.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Бр.07-2653/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/47** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.03.2014 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески ,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 3 став 1 точка 3 и член 20 Тарифен број 3 од Законот за комунални такси („Сл.Весник на РМ” бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/12) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на Комуналната Такса за користење на просторот пред деловни простирии за вршење дејност бр.07-1055/9 од 29.07.2005 година и бр.07-3165/29 од 29.12.2008 година.

**Член 2**

Во член 2 од Одлуката бројот “ 10,00 “ се заменува со бројот „7,50“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “ Сл.Гласник на Општина Охрид”.

**Бр.07-2653/47**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/48**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.68/05), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## ЗА ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува општинскиот линиски превоз на патници, како комунална дејност од јавен интерес на граѓаните на општина Охрид.

### Член 2

За превоз на патници што се врши на релациите со новоформираната Општина Дебарца, двете општини можат да склучат спогодба заради заедничко организирање на овој вид превоз.

### Член 3

Општина Охрид го уредува општинскиот линиски превоз на патници, при што особено утврдува:

-единствена мрежа на линии;

-единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;

-начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа;

-тарифен систем и систем на наплата;

-локација на автобуските терминали, свртувалишта, постојки и постапка за нивна измена;

-изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и постојки;

-одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1);

-критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење општински линиски превоз и распределување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

**Член 4**

Општинскиот линиски превоз на патници можат да го вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз.

**Член 5**

Општинскиот линиски превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава Градоначалникот на општина Охрид и регистриран возен ред за определена линија.

Превозникот кој има лиценца за вршење општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај Градоначалникот на општина Охрид.

Дозволата и возниот ред од ставот 2 на овој член се издаваат со рок на важење од пет години.

За издадената дозвола за вршење општински линиски превоз, превозникот плаќа надоместок. Висината на надоместокот ќе се утврди согласно правилникот кој ќе го донесе Советот на општина Охрид.

## II Единствена мрежа на автобуски линии

**Член 6**

Во општина Охрид се утврдува следната мрежа на линии:

| **Р.бр.** | **Број на линија** | **Назив на линијата** | **Траса на линијата** |
|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1 | 1 | Охрид - Г.Лакочереј - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, „Железничка“„Кленоец“, „Р.Новичиќ“, „Долно Лакочереј“, Г.Лакочереј |
| 2 | 2 | Охрид - Свињишта - -Куратица - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, „15-ти Корпус“, магистрален пат М5, Свињишта, с. Куратица |
| 3 | 3 | Охрид - Косел - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, „15-ти Корпус“, магистрален пат М5, с. Косел |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | 4 | Охрид - Велгошти - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“ „„Живко Чинго“, с.Велгошти |
| 5 | 5 | Охрид - Ливоишта - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“ , „7-ми Ноември“, „15-то Корпус“, магистрален пат М5,с. Лескоец, с.Косел, с.Вапила, с.Ливоишта |
| 6 | 6 | Охрид - Елшани - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, регионален пат Охрид-Свети Наум, с.Елшани |
| 7 | 7 | Охрид - Пештани - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, регионален пат Охрид-Свети Наум, с. Пештани |
| 8 | 8 | Охрид - Трпејца - - Св.Наум - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, регионален пат Охрид Св. Наум, Свети Наум |
| 9 | 9 | Охрид - Подмоље - Охрид | преку: „7-ми Ноември“, „Питу Гули“, “Јане Сандански, “Булевар Туристичка“, Подмоље |
| 10 | 10 | Охрид-Завој-Охрид | Преку: „7-ми Ноември“, „Туристичка“, „Јане Сандански“, „Питу Гули“, „7-ми Ноември“, ул. „15-ти Корпус“, с. Лескоец, с. Косел, с. Опеница, Прентов мост, с. Завој |
| 11 | 11 | Градска линија 1 | Преку: ул„7-миНоември“,“Туристичка“, „АСНОМ“ „ дел Сирма Војвода“, ул.„Марко Цепенков“ ул.„ Момчило Јорданоски“,ул.„Ристо Чадо“ул.„7-ми Ноември“ |
| 12 | 12 | Градска линија 2 | Преку ул. „Железничка“, „Булевар Туристичка“, ул. „Јане Сандански“, ул. „Питу Гули“, ул. „7-ми Ноември“ |

**Член 7**

Мрежата на линии ја утврдува Советот на општина Охрид по предлог на Одделението за сообраќај и улици.

Со мрежата на линии се утврдува и фреквенцијата односно превозните капацитети што подразбира утврдување на бројот на возила во врвно часовно оптоварување кога протокот на патници е најголем.

**Член 8**

За отворање нови, продолжување, скратување и уконување на постојните автобуски линии одлучува Советот на општина Охрид по предлог на Одделенитео за сообраќај и улици доколку се исполнети неопходните сообраќајно – технички услови.

**Член 9**

Линијата во општинскиот превоз на патници има свој број и назив, како што е утврдено во член 6 од оваа одлука. Називот на линијата се означува со името на почетната станица и името на крајната станица. Бројот и називот на линијата се поставува на возилото, на постојките и на свртувалиштата.

**Член 10**

Општинскиот превоз на патници се врши со автобуси, минибуси и комби возила, кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење превоз на патници.

**Член 11**

Бројот и називот на линијата во моторните возила за вршење општински линиски превоз се постравува од внатрешната страна на предното ветробранско стакло на десната бочна страна во просторот направен за истакнување. Истиот е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо и арапски бројки.

**Член 12**

Моторните возила со кои се врши општински линиски превоз на патници во внатрешноста од возилото треба да имаат натписи и ознаки за информирање на патници и тоа:

1. Број на регистрирани места за седење и стоење;
2. Натпис и ознака „Забрането пушење„;
3. Натпис со содржина „седишта првенствдено наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе„;
4. Натпис со шематски приказ на почетната, крајната и попатните постојки на линијата;

Натписите се напишани на македонски јазик и кирилско писмо.

**ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ**

**Член 13**

Возниот ред претставува флексибилен елемент во превозот на патници во општинскиот линиски превоз што се усогласува со превозните потреби.

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно – крајните свртувалишта, времето на доаѓање и поаѓање на возилата од почетно – крајните свртувалишта односно терминалите, бројот на возила потребни за одржување на линијата и рокот на важност на возниот ред.

**Член 14**

Единствениот возен ред за мрежата на линии од член 6 од оваа одлука, го утврдува и регистрира надлежниот орган на Општина Охрид.

Регистрираниот возен ред од став 1 на овој член, заради реализација се доставува до секој превозник во целина.

Возниот ред се истакнува:

1. во возилото;
2. на почетно – крајните свртувалишта, терминалите и постојките.

**Член 14-а**

Во периодот од 15 јули до 31. август секоја година одделението за комунален развој и сообраќај при општина Охрид изготвува и реализира дополнителен сезонски превоз на патници и дополнителни возни редови за следните линии:

-Охрид-Свети Стефан-Охрид
-Охрид-Лагадин-Охрид
-Охрид-Градиште-Охрид

**Член 15**

Влегувањето и слегувањето на патници се врши само на постојките согласно утврдениот возен ред, додека за дополнителниот сезонски превоз на патници почетната и крајната станица ќе биде Автобуската станица-Охрид.

**Член 16**

Превозникот е должен линиите да ги одржува согласно со регистрираниот возен ред.

При реализација на возниот ред на секоја линија, превозникот е должен дас застанува само на постојките и свртувалиштата утврдени со оваа одлука.

До колку превозникот превозот го врши спротивно од став 2 на овој член надлежниот орган ќе му ја одзсеме дозволата за вршење на превоз и регистрираниот возен ред.

**Член 17**

Превозникот е должен за привремебно запирање на превозот на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган.

Надлежниот општински орган е должен веднаш да ја извести јавноста за привремено запирање на превозот на патници.

**Член 18**

При вршењето на општинскиот превоз на патници, превозникот е должен во моторните возила со кои го врши превозот да има лиценца, дозвола за вршење на превозот, регистриран возен ред, и тоа сите документи во оригинал.

**ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ ЗА НАПЛАТА**

**Член 19**

Тарифниот систем претставува основа за утврдување на цената на превоз на патници на линиите.

Во јавниот превоз се утврдува единствен тарифен систем.

**Член 20**

Превозните услуги се наплатуваат преку претходно купен билет во самото возило или надвор од возилото.

Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење општински линиски превоз и распределување на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз

**Член 21**

Лиценца за вршење општински линиски превоз на патници во општина Охрид издава Градоначалникот на барање на превозникот.

**Член 22**

За добивање лиценца превозникот треба да ги исполнува следните услови:

1. Да е впишан во централниот регистар и да има регистрирано претежна дејност- вршење на превоз на патници во патниот сообраќај;

2. Да е сопственик на едно или повеќе регистрирани возила за одделни видови на превоз или да има Договор за лизинг, што ги исполнува посебните техничко – експлоатациски услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз во внатрешниот патен сообраќај, при што за меѓуопштинскиот да е сопственик или да има договор за лизинг за најмалку две возила со капацитет од најмалку 22+1 седиште по возило, за општински линиски превоз на патници да е сопственик на две или повеќе регистрирани возила или да има договор за лизинг за возила со најмалку 16+1 седиште,а за слободен превоз и посебен линиски превоз на патници да е сопственик или да има договор за лизинг за најмалку едно возило со капаците со најмалку 8+1 седиште по возило;

3. Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум еден возач по возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност во сообраќај на патиштата;

4. Управителот или овластеното лице одговорно за превозот да има сертификат за професионална компетентност;

5. Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај ;

6. Да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возила со кои ќе се врши превозот, како и места за задржување на возилата во време кога тие не се користат или договор заверен кај Нотар за обезбедено право на користење на таков капацитет во период од најмалку 4 (четири) години. Капацитетите за паркирање или задржување да се одобрени од надлежен орган за таа намена.

**Член 23**

Надлежниот орган на Општина Охрид што ја издава лиценцата за вршење општински превоз на патници може да му ја одземе на превозникот истата, ако утврди дека:

1. Превозникот повеќе не исполнува некој од условите од претходниот член за добивање лиценца;

2. Врши превоз спротивно на издадената лиценца;

3. Превозникот престане со вршење на дејноста во патниот сообраќај.

**Член 24**

Изборот на превозникот за добивање дозвола се врши по пат на јавен повик.

Јавниот повик можат да учествуваат сите правни лица кои имаат претходно добиено лиценца за вршење општински линиски превоз.

Изборот на превозникот и издавањето на дозволата и регистрираниот возен ред го врши комисија формирана од Градоначалникот на општина Охрид согласно понудите од јавниот повик.

Понудата за добивање на дозвола за превоз и регистрирање на возен ред треба да содржи:

- полн назив, седиште и адреса на превозникот,
- матичен број и адреса на превозникот,
- број на линијата за кој се однесува понудата,
- превозникот пополнува задолжителни информации за исполнување на условите за добивање на превозот согласно законските прописи,“

-како доказ дека се исполнети законските прописи од Законот за превоз на патници, превозникот внесува податоци за сите лиценцирани возила со кои располагаат, регистрирани на име на фирма или за кои има договор за лизинг, број на регистрација, марка и тип на возилото, број на шасија, број на мотор, број на седишта, датум на важност на регистрација, потврда за исполнување на техничко-експлоатационите услови,податоци за возачите кои се во редовен работен однос, податоци за платени придонеси, висина на чинење на возниот ред за бараната линија како во еден правец така и за месечен возен билет.

**Член 24-а**

Врз основа на добиените резултати од обработените понуди, комисијата до Градоначалникот на општина Охрид доставува предлог листа на одобрени односно одбиени барања, за одобрување.

Врз основа на одобрената листа се изготвуваат решенија и примерок од решенијата се доставува до превозникот.

**Член 25**

Доколку превозникот што добил дозвола за одредена линија не се придржува на регистрираниот возен ред, редовно не ја одржува линијата, качува и слегува патници надвор од автобуските, минибус и комби постојки, согласно регистрираниот возен ред, на истиот му се одзема дозволата за вршење превоз со решение на Градоначалникот на општина Охрид.

Превозникот има право на жалба на издаденото решение до Министерот за транспорт и врски на РМ во рок од 8 (осум) дена.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението од став 1 на овој член.

**Член 25 – а**

Согласно член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај, Советот ги утврдува максималните цени за превоз на патници во општинскиот линиски превоз, градскиот превоз и дополнителен сезонски превоз на релациите:

| **Релација** | **мак. цена** |
|---|---|
| Охрид - Г.Лакочереј – Охрид | 30 ден. |
| Охрид – Куратица-Охрид | 90 ден. |

| | |
|---|---|
| | |
| Охрид - Косел – Охрид | 30 ден. |
| Охрид - Велгошти – Охрид | 30 ден. |
| Охрид - Ливоишта – Охрид | 50 ден. |
| Охрид - Елшани – Охрид | 50 ден. |
| Охрид - Пештани – Охрид | 40 ден. |
| Охрид – Св.Наум-Охрид | 110 ден. |
| Охрид - Подмоље – Охрид | 30 ден. |
| Охрид-Завој-Охрид | 80 ден. |
| Градска линија 1 | 20 ден. |
| Градска линија 2 | 20 ден. |
| Охрид- Св.Стефан – Охрид | 20 ден. |
| Охрид-Лагадин-Охрид | 30 ден. |
| Охрид - Градиште –Охрид | 60 ден. |

**Член 25 – б**

Промената на максималните цени утврдени со оваа Одлука може да се изврши по претходно барање до Советот на општина Охрид од страна на превозниците по претходна промена на пазарните услови

## Локација на автобуските терминали, свртувалишта, постојки и постапка за нивна измена

**Член 26**

Автобуските, минибус и комби свртувалиштата се лоцирани на подрачјето на општина Охрид и населените места во општина Охрид.

**Член 27**

Автобуските, минибус, комби свртувалишта се:

1. Охрид – Автобуска станица
2. с.Лакочереј
3. с.Свињишта
4. с.Куратица
5. с.Косел
6. с.Велгошти

7. с.Ливоишта
8. с.Елшани
9. с.Пештани – х.Десарет
10. Св.Наум
11. с.Подмоље
12.Завој

**Член 28**

При определување на точната локација на автобуските, минибус и комби постојките во општинскиот линиски превоз на патници треба да се почитуваат следните услови:

- автобуската, минибус и комби постојката не смее да се постави пред раскрсница во исто ниво на растојание помало од 50м.;
- растојанието помеѓу краевите на две спротивни автобуски, минибус и комби постојки поставени на коловоз со две сообраќајни ленти за сообраќај во спротивни насоки не смее да биде помало од 50м.;
- автобуската, минибус и комби постојката треба да биде надвор од велосипедска патека и тротоари.

**Член 29**

Автобуски, минибус и комби постојки на подрачјето на општина Охрид се:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Григор Прличев | 40 | Отпад |
| 2 | Болница(Марлборо) | 41 | х.„Метропол„ |
| 3 | Влашка маала( Х.Узунов) | 42 | Лагадин 1 |
| 4 | Бенз. Пумпа (стари гробишта) | 43 | Лагадин 2 |
| 5 | Илинден | 44 | Елешец |
| 6 | Печатница „Коста Абраш„ | 45 | Урвиште |
| 7 | ХТД „Застава„ | 46 | Пештани 1 |
| 8 | Радојца Новичиќ 1 | 47 | Пештани Центар |
| 9 | Радојца Новичиќ 2 | 48 | Автокамп „Градиште„ |
| 10 | Радојца Нивичиќ 3 | 49 | с.Трпејца |
| 11 | Радојца Новичиќ 4 | 50 | с.Љубаништа |
| 12 | с.Долно Лакочереј | 51 | Автокамп „Љубаништа„ (пат) |
| 13 | с.Горно Лакочереј | 52 | Пазар (Охрид) |
| 14 | ЕМУЦ | 53 | Лескајца |
| 15 | Езерка | 54 | Далјан Шкор |
| 16 | АГП (15-ти Корпус) | 55 | Тим маркет |
| 17 | Гробишта | 56 | Отекс |
| 18 | с.Лескоец 1 | 57 | с.Подмоље |
| 19 | С.Лескоец 2 | 58 | Орев |
| 20 | с.Лескоец Центар | 59 | Велгошти (самопослуга) |
| 21 | Корабица | 60 | Музичко училиште |
| 22 | ЕМО | 61 | Стамбени згради Жито леб |
| 23 | Косел 1 | 62 | Билјанини Извори КАМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 24 | Косел 2 | 63 | нас.Рача |
| 25 | Косел 3 | 64 | Св.Стефан |
| 26 | Опеница 1 | 65 | х.Гранит |
| 27 | Опеница 2 | 66 | Бул. Туристичка згр. Печиаре |
| 28 | Прентов Мост | 67 | Плавобели згради |
| 29 | База | 68 | Хотел Дончо |
| 30 | с.Вапила | 69 | Железничка 1 |
| 31 | ОУ.Братство | 70 | Железничка 2 |
| 32 | АСНОМ( пред ул.Галичица) | 71 | Железничка 3 |
| 33 | Дет.игралиште К.Војвода | 72 | Инфо центар ( Туристичка) |
| 34 | Гаражи Мед.центар ул.С.Војвода | | |
| 35 | Пред кружно ул.М.Цепенков | | |
| 36 | Дет.игралиште Бараки | | |
| 37 | Пред кружно ул.М.Јорданоски | | |
| 38 | Стобекс | | |
| 39 | Ул.Ристо Чадо( ж.леб) | | |

**Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските, минибус и комби постојки, свртувалишта и терминали**

**Член 30**

Изградбата, обележувањето, опремувањето, начинот на користење на постојките и терминалите, како и редовното одржување на просторот и опремата го организира Општина Охрид, а го реализира Одделението за сообраќај и улици на Општина Охрид.

**Член 31**

Автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи:

- натпис на автобуската, минибус и комби постојката или автобуското, минибус и комби свртувалиште, како и други натписи што служат за известување на патници (возен ред и сл.);

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самата автобуска, минибус и комби постојка односно свртувалиште.

Коловозната површина на автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта, наменети за застанување на автобуси, минибуси и комби се обележува со стандардна ознака БУС со жолта боја од страна на субјектот надлежен за обележување на улиците.

**Член 32**

Автобуските, минибус и комби постојките и свртувалиштата треба да имаат:

- настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија;
- број и назив на линиите што доаѓаат, поаѓаат и поминуваат на постојката или свртувалиштето;
- шематски приказ на мрежата на линии.

**Член 33**

Надлежниот општински орган на Општина Охрид може да го определува со посебен акт, видот на материјалот на опремата и другите содржини на постојките и свртувалиштата.

**Член 34**

Автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта во општинскиот линиски превоз во ноќните часови треба да бидат осветлени.

**Член 35**

Опремата на автобуските, минибус и комби постојки и свртувалишта може да се користи како реклама, пропаганда и други известувања под услови и во согласност со надлежните општински органи на Општина Охрид.

**Член 36**

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема, со процент со кој учествуваат во реализацијата на единствениот возен ред на мрежата на линиите.

**НАДЗОР**

**Член 37**

Надзор на законитоста на работата на превозниците што вршат општински линиски превоз на патници врши надлежниот општински орган на Општина Охрид.

**Член 38**

Инспекциски надзор на примената на одредбите од оваа одлука и од Законот за превоз во патниот сообраќај вршат општинските инспектори за патен сообраќај.

**Член 39**

Превозниците во јавниот линиски превоз на патници во општина Охрид се должни на инспекторите за патен сообраќај да им овозможат вршење инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја достават на увид потребната техничка и друга документација.

**Член 40**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-2488/10 од 12.10.2005 год.,Одлуката за измени на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр. 07-1403/4 од 26.06.2008 год, Одлука за измени и дополнување за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр. 07-306/4 од 22.02.2010 година , Одлуката за измени на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-3297/19 од 06.08 2012 год,

Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-5169/15 од 28.11.2012 год, Одлуката за измена и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-8141/12 од 25.12.2012 год. и Одлуката за измени и дополнувања на одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.07-2676/26 од 10.06.2013 год.

**Член 41**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2653/48**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА СТАТУСНА ПРОМЕНА-ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЈП „ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД КОН ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за започнување на постапка за статусна промена-присоединување на ЈП „Погребни услуги“ Охрид кон ЈП „Градски гробишта“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година.

**Број 08-2653/49**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески ,с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 517 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 4б од Законот за јавни претпријатија и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.03.2014 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА СТАТУСНА ПРОМЕНА-ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ЈП„ПОГРЕБНИ УСЛУГИ“ ОХРИД КОН ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука се започнува постапка за статусна промена – присоединување на ЈП „Погребни услуги“ Охрид кон ЈП „Градски Гробишта“ Охрид.

**Член 2**

ЈП „Погребни услуги“ Охрид се присоединува кон ЈП „Градски Гробишта“ Охрид со пренос на целокупниот имот и обврски - универзален пренос, без да се спроведе негова ликвидација.

**Член 3**

Со присоединувањето, ЈП „Погребни услуги“ Охрид престанува без ликвидација и се врши универзален пренос на целиот негов имот и на обврските со состојба на денот определен со спогодба во која што се усогласуваат условите по кои ќе се врши присоединувањето.

**Член 4**

Управниот Одбор на ЈП „Погребни услуги“ Охрид и Управниот Одбор на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид ќе склучат спогодба во која ќе се усогласат условите по кои ќе се врши присоединувањето.

Спогодбата се составува во форма на нотарски акт.

**Член 5**

Одлуките на Управните одбори и Спогодбата од член 4 на оваа Одлука се доставуваат за согласност до Советот на општина Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Бр.07-2653/49**
**11.03.2014 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Гордана Коњановска,с.р.**